РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1273

03.04.2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 16-тата седница одржана на 28.03.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2511/1 од 25.09.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за долгогодишно непостапување на градежната инспекција во Општина /// по основ на поднесени претставки во врска со бесправни градежни дејствија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај се води постапка пред друг надлежен орган - Основното јавно обвинителство ///.

Предметот со број 12-2511/1 од 25.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител - Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија, на ден 25.09.2024 година доставен е допис со кој Советот ја информира ДКСК дека има постапувано по претставка која до Инспекцискиот совет била поднесена од страна на ///, во која биле изнесени наводи за долгогодишно непостапување на градежната инспекција во Општина /// по основ на поднесени претставки во врска со бесправни градежни дејствија. Врз основа на Известувањето од Инспекцискиот совет, ДКСК го оформи предметот број 12-2511/1 од 25.09.2024 година.

Во дописот Советот информира дека во применета претставка од /// било содржано барање за спроведување на вонреден инспекциски надзор врз Државниот управен инспекторат и врз Државниот градежен инспекторат,

бидејќи до /// со барање за бесплатна правна помош се обратиле лицата /// и ///, во кое барање биле изнесени наводи за долгогодишно непостапување на градежната инспекција во Општина /// по основ на поднесени претставки во врска со бесправни градежни дејствија на градежната фирма /// кои се изведуваат на градежно земјиште во состав на парцела на која барателите засноваат право на сопственост или право на користење.
Воедно, Советот ја информира ДКСК дека на својата /// редовна седница одржана на /// година, по разгледување на Информација за постапување по претставката, има усвоено Предлог-заклучок. Во Предлог-заклучокот, меѓу другото, е содржано и тоа претставката да се достави до ДКСК и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (ЈОРСМ).

Со оглед на содржината на Предлог-заклучокот на Инспекцискиот совет, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците и информациите доставени од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на барање на ДКСК, утврдено е дека во врска со претставката на /// во Основното јавно обвинителство /// има оформено кривично правен предмет во кој постои индиција дека на територијата на општина /// е сторено кривично дело „Бесправно градење“ од чл.244-а од Кривичниот законик, при што во рамки на предметот се преземени јавнообвинителски дејствија.

Од горенаведеното, имајќи го предвид предметот на постапување на Основното јавно обвинителство ///, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај се води постапка пред Основното јавно обвинителство ///.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: А.Р.М., советник
Советник: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК